премногу долги. Некои дури изнесуваат и до 5 страни текст што претставуваат значајна тешкотија за читателот.

Без оглед на наведените пропусти, авторот Мито Теменугов вложил огромни напори и успеал да изложи на еден доста концизен начин значаен историографски материјал за една наша борбена единица од периодот на НОБ и Револуцијата на југословенските народи.

**В. К.**

## Л. Соколов, БИБЛИОГРАФИЈА ЗА СТОПАНСКАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (Период до 1945 г.), кн. II. Скопје, 1969

Четиринаесет години по објавувањето на I том од книгата под горенаведениот наслов и од истиот писател излезе во издание на Економскиот институт на Универзитетот во Скопје на 554 страници и II том од книгата. Како и во I том така и во II библиографските единици што се однесуваат на стопанската историја на Македонија во нејзините етнички и географски граници групирани се во три дела: во одделот население, стопанство и социјални прашања.

Во првиот дел (стр. 9—47), што го опфаќа одделот населението во Македонија, библиографските единици се разделени и систематизирани во следниве подгрупи: пространство, цифрени податоци за населението по села, градови, околии и цела Македонија, професионална структура, миграции и интерна колонизација, емиграција, печалбарство и административна поделба.

Вториот дел, истовремено и најголем (од стр. 51—506), поделен е на овие 15 групи: стопанство општо, земјоделие, пољоделство и растително производство, сточарство, шумарство, лов и риболовство, рударство, занаетчиство и домашна преработувачка дејност, индустрија, градежништво и комунални работи, соопштенија, трговија (надворешна, внатрешна, мерки, панаѓури, берзи, цени, царини), туризам, гостилничарство, хотелиерство и минерални извори, финансии и стопански задруги. Во некои од овие стопански гранки библиографските единици се систематизирани на уште помали подгрупи. На пример, стопанската гранка земјоделство е систематизирана во следниве подгрупи: земјоделство општо, селскостопански орудија, земјишни површини, мелиорациони работи, аграрни односи, средновековен феудализам, спахиски систем, чифлигарство, поседовна структура и аграрна реформа.

Третиот дел под општ наслов социјални прашања (од стр. 509—534), дава библиографски единици за богомилството, работничките прашања, надниците, безработицата, синдикатите, штрајковите, работничката заштита и стандардот на животот. На крајот на книгата, за да му се олесни на читателот, даден е по азбучен ред регистер на писателите на анотираните библиографски единици во книгата.

Во првиот и последниот дел се регистрирани главно помал број библиографски единици, додека во вториот дел се анотирани сите библиографски единици до кои авторот можел да дојде. За таа цел авторот ги прибирал овие библиограф-

ски единици не само во сите библиотеки во Скопје, туку и во сите централни републички, специјализирани и институтски библиотеки во Југославија. Само по себе се разбира дека во огромното мнозинство од автори што на оваа проблематика по нешто напишале, нормално е да се случи некои од нив да бидат пропуштени во оваа стопанска библиографија. Меѓутоа, при едно второ издание овие ситни пропусти можат лесно да се исправат.

Горенаведената библиографија за стопанската историја на Македонија за периодот до 1945 година, пополнува една огромна празнина. Со својата систематичност и поделеност на библиографските единици по разни стопански гранки и нивни подгрупи, со означувањето на основните податоци за името на авторот, насловот, местото на издавањето на книгата, односно годината и бројот на списанието, весникот или зборникот од каде е земена статијата, најпосле со податокот кон секоја анотирана библиографска единица дури и во која од библиотеките на Југославија може да се најде библиографската единица, оваа библиографија неверојатно многу му олеснува на секој читател побрзо да се снајде во ползувањето на литературата. Поради сето тоа Библиографијата за стопанската историја на Лазар Соколов ќе стане прирачна книга за секој не само економски стручњак за стопанската историја на Македонија во широката смисла на зборот туку и за историчарот, демографот, етнологот, географот, статистичарот и друг сроден стручњак.

**Љ. Л.**

**„СТРЕМЕЖ“** — Списание за литература, уметност и култура — II половина на 1967, 1968 и 1969 година

Минатата година списанието „Стремеж“ го прослави петнаесеттиот роденден како реномиран и признат петнаесетгодишник во чиј фокус на внимание се наоѓаа прашањата од областа на литературата, уметноста и културата. „Стремеж“ ги манифестираше пулсирањата на раздвижената и полетна македонска, југословенска и светска литературна продукција, карактеризирајќи се со плодородност во квантитативен и квалитативен поглед. Во содржинската срцевина на списанието како постојани присутности се наоѓаат следниве содржини: раскази, поетски творби, есеи, прикази, театарски прегледи, патеписи и др. За нас се интересни и предмет на разгледување ќе бидат содржините од историјата на македонскиот народ. Во 1967 година е публикувана содржината под наслов: *„Јован Атанасов Прилепчанин“* од Загорка Расолкоска—Николоска. Оваа содржина претставува фрагмент од нашата културна историја. Авторот зборува за животот и работата на последниот прилепски иконописец (1846—1908) сврзани со втората половина на минатото столетие. „Иако Јован се потпишувал како иконописец, неговата фамилија во презимето го сочувала споменот на старите зографи.“ (30 стр. бр. 10, декември 1967 год.) Неговото место е значајно во нашата културна историја, бидејќи се јавува како продолжувач на старите сли-